Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

Министерство за труд и социјална политика
Проект за подобрување на социјалните услуги (ППСУ)
Кредит Бр.8902-МК

SUPPORTED BY WORLD BANK GROUP

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

на граѓаните и сите засегнати страни за подпроектот за реконструкција/адаптација на Дневен Центар за стари лица и Центар за помош во домашни услови во Општина Струмица, поддржан од Министерството за труд и социјална политика и Светска Банка.
За таа цел се става на увид документот од јавен интерес *Листата за проверка на планот за управување со животната средина и социјалните аспекти*.

Проектот за подобрување на социјални услуги во својата прва компонента предвидува поддршка на локалните самоуправи за развој на таргетирани социјални услуги кои што ќе одговорат на потребите на ранливите категории на граѓани во своите општини. За таа цел на 30 април, 2019 беше објавен Јавен повик за доделување грантови за развој на социјални услуги наменет за локалните самоуправи. Општина Струмица аплицираше со проект за *Поддршка и нега во домот- подобрување на животен стил – Концепт Струмица грижлив град.*

Согласно *Оперативниот прирачник за администрирање грантови развој на социјални услуги, Планот за вклучување на засегнати страни и Рамката за управување со животна средина и социјални прашања*, се објавува документот од јавен интерес *Листата за проверка на планот за управување со животната средина и социјалните аспекти* кој содржи анализа на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од реализација на подпроектот *Поддршка и нега во домот- подобрување на животен стил – Концепт Струмица грижлив град.*

Забелешки или прашања за проектот може да се доставуваат во рок од 14 дена од објавување на Известувањето на следниот линк https://ssip.mtsp.gov.mk/ApplyRequest.aspx.

Министерството за труд и социјална политика